Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

МАРИЈА ГРКОВА

# ПРАКТИКУМ ПО МОРФОЛОГИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Штип, 2020

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

МАРИЈА ГРКОВА

# ПРАКТИКУМ ПО МОРФОЛОГИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

**Автор:**
д-р Марија Гркова

**ПРАКТИКУМ ПО МОРФОЛОГИЈА**
**НА СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**
(рецензиран практикум)

**Рецензенти:**
Вонр. проф. д-р Игор Станојоски
Вонр. проф. д-р Ранко Младеноски

**Лектор:**
Вонр. проф. д-р Ранко Младеноски

**Техничко уредување:**
д-р Марија Гркова

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Објавено во е-библиотека:**
https://e-lib.ugd.edu.mk/951

**DOI:** https://www.doi.org/10.46763/9786082447551

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3'366(076)

ГРКОВА, Марија
Практикум по морфологија на современиот македонски јазик [Електронски извор] : (рецензиран практикум) / Марија Гркова. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, Филолошки факултет, 2020.

Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/951. - Текст во PDF формат, содржи 43 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 09.10.2020. - Кратка биографија: стр. 43. - Библиографија: стр. 42

ISBN 978-608-244-755-1

а) Македонски јазик -- Морфологија -- Практикуми

COBISS.MK-ID 52181765

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**МАРИЈА ГРКОВА**

# ПРАКТИКУМ ПО МОРФОЛОГИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**Штип, 2020**

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

# СОДРЖИНА

Предговор.......... 5
Морфема – зборoформа – збор – зборовни групи .......... 6
Именки (супстантиви).......... 9
Граматички категории на именките .......... 9
Придавки (адјективи).......... 13
Граматички категории на придавките .......... 13
Броеви.......... 15
Заменки.......... 17
Глаголи.......... 19
Граматички категории на глаголите .......... 19
Прости глаголски форми .......... 22
**Сегашно време (презент)**.......... 22
**Заповеден начин (императив)**.......... 24
**Минато определено свршено време (аорист)** .......... 24
**Минато определено несвршено време (имперфект)** .......... 25
Нелични глаголски форми .......... 26
**Глаголска л-форма**.......... 26
**Глаголска придавка**.......... 26
**Глаголски прилог** .......... 27
**Глаголска именка** .......... 27
Сложени глаголски форми.......... 28
**Минато неопределено време (перфект)** .......... 28
**Предминато време (плусквамперфект)** .......... 29
**Идно време (футур)**.......... 30
**Минато-идно време** .......... 31
**Идно прекажано време**.......... 32
**Можен начин (потенцијал)** .......... 32
**Глаголска конструкција *има/нема***.......... 33
**Глаголска конструкција *сум***.......... 33
Прилози (адверби) .......... 35
Предлози (препозиции).......... 36
Сврзници (конјункции).......... 37
Честички (партикули).......... 39
Извици (интерјекции).......... 40
Модални зборови .......... 41
Користена литература.......... 42

Prezemeno od marija1.grkova (15 Feb 2021 - 12:04)

## Предговор

*Практикумот по Морфологија на современиот македонски јазик* им е наменет на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Предметот го слушаат во вториот семестар, а основните материјали што се употребуваат за време на наставата се од Блаже Конески во неговата *Граматика*, како и од авторите на *Општа граматика на македонскиот јазик*.

Овој Практикум, кој оди заедно со скриптата *Морфологија на современиот македонски јазик*, има за цел да ја промени улогата на студентот за време на наставата, да се оддалечи од традиционалниот пристап на предавање/излагање само од страна на професорот/предавачот каде што главната и активната улога ја носи тој. Преку *Практикумот* и *Скриптата* се очекува студентите да извршуваат поголем број вежби и задачи веднаш по запознавањето со новата содржина од морфологијата на современиот македонски јазик и на тој начин поефективно ќе го совладаат новото и непознатото, но и ќе бидат упатени кон голем број дополнителни библиографски единици од истата област со чија помош ќе можат да ги прошират, да ги продлабочат и да ги унапредат своите знаења и вештини од областа на морфологијата на која, потоа, се надоградуваат знаењата од другите лингвистички области.

Сметаме дека со активното учество во наставата при утврдувањето на материјалот, студентите се ставаат во активна позиција на учење, за кое, знаеме дека е сложен и комплексен процес што бара поголема ангажираност, активност и посветеност од страна на сите учесници во наставата.

*д-р Марија Гркова*
*септември, 2020 година*

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Морфема – зборoформа – збор – зборовни групи

1. Што е морфологија?

___

___

2. Што е морфема?

___

___

3. Според позицијата во структурата на зборот и според карактерот на значењето, морфемите се делат на:

___

___

4. Како се наречени различните варијанти на една морфема?

___

___

5. Наведете ги аломорфите на следниве морфеми:
   грев___
   око___
   нога___
   уво___
   рака___

6. Што е коренска морфема?

___

___

7. Утврдете ја коренската морфема од наведените зборови: *чита, читам, читав, читајќи, читал, читање, читаат; мисли, мислам, мислев, мислејќи, мислел, мислење, мислат.*

___

___

8. Според функцијата, афиксите (службените морфеми) ги делиме на:

___

___

9. Според позицијата во однос на коренската морфема со која се поврзуваат, зборообразувачките афикси се делат на:

___

___

10. Наведете ја дефиницијата за секоја службена морфема поединечно.

___

___

___

___

___

___

___

___

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

11. Наведете по два примери во кои афиксите ќе претставуваат:
    а) префикси____________________
    б) инфикси____________________
    в) суфикси____________________

12. За што служат формообразувачките (флексиски) афикси?

________________________________

________________________________

13. Што е зборoформа?

________________________________

________________________________

14. Која е разликата меѓу *збор* и *зборoформа*?

________________________________

________________________________

15. Кое зборообразување е најфреквентно во македонскиот јазик?

________________________________

________________________________

16. Објаснете што значи префиксно-суфиксно образување.

________________________________

________________________________

17. Кое афиксно зборообразување е најфреквентно во македонскиот јазик?

________________________________

________________________________

18. Од кога датира првата осумчлена поделба на зборовните групи и кој ја извршил?

________________________________

________________________________

19. Наведете ја општата дефиниција за секоја зборовна група во македонскиот јазик:

именки____________________
придавки____________________
заменки____________________
броеви____________________
глаголи____________________
прилози____________________
предлози____________________
сврзници____________________
честички____________________
извици____________________
модални зборови____________________

________________________________

20. Што се подразбира под менливост, а што под неменливост на зборовните групи?

________________________________

________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

21. Напишете ја одделно:

а) групата менливи зборови:

______________________________________________

б) групата неменливи зборови:

______________________________________________

22. Кои зборови отстапуваат од вообичаената состојба на зборовната група на која ѝ припаѓаат, од аспект на морфолошката класификација?

______________________________________________

______________________________________________

23. Како ги дефинираме граматичките категории во македонскиот јазик?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Именки (супстантиви)

1. Наведете пет сопствени именки што означуваат имиња на лица од машки и од женски пол:

2. Наведете пет сопствени именки што означуваат имиња на географски објекти:

3. Наведете пет сопствени именки што означуваат имиња на празници:

4. Наведете пет сопствени именки што означуваат имиња на установи, институции и на организации:

5. Наведете пет сопствени именки што означуваат наслови на литературни, уметнички дела и сл.:

6. Наведете пет изброjливи именки:

7. Наведете пет збирни именки:

8. Наведете пет материјални именки:

9. Наведете пет апстрактни именки:

## Граматички категории на именките

10. Определете го родот на дадените именки:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| песок | | живот | | верност | |
| прав | | судија | | учење | |
| индивидуа | | храброст | | надеж | |
| странка | | вар | | живот | |
| раскош | | леди | | пролет | |
| муштерија | | девојче | | персона | |
| вест | | бебе | | чичко | |
| интервју | | мис | | макро | |

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

11. Како се определува родот на именките во македонскиот јазик?

12. Што се тоа дворoдови именки и колкав е нивниот број во македонскиот јазик?

13. Изделете ги двородовите именки: *татко, кал, владика, лице, глеѓ, личност, пепел, жена, песок, убиец, прав, учителка, благодет, бебе, персона, вар, биолог, претседателка, мртовец, возачка, жар, професорка, стратег, психолог*.

14. Што се епиценуми, а што феминативи?

15. Од наведените именки во вежба бр. 13 изделете ги најпрвин епиценумите, а потоа и феминативите.

16. Образувајте феминативи од именките: *полицаец, колега, братучед, декан, уметник, убавец.*

17. Образувајте множински форми од дадените именки:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| коло | | сведок | | сон | |
| биро | | човек | | клуч | |
| досие | | случај | | табло | |
| рака | | кадар | | песок | |
| нога | | резиме | | јадење | |
| уво | | шеќер | | мени | |
| око | | дрво | | жито | |
| број | | небо | | шпагети | |

18. Изделете ги именките што образуваат множина со -и без да ја образувате: *учител, стол, мајка, прст, куче, огледало, коњ, маж, уво, пенкало, заб.*

19. Кои именки во македонскиот јазик по правило немаат множинска форма и зошто е тоа така?

20. Кои иманки се познати како плуралија тантум и зошто не се јавуваат во еднинска форма?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

21. Каде сè се среќава наставката –а во врска со категоријата број?

22. Што се подразбира под определеност и како најчесто се изразува таа?

23. Според што се разликуваат трите членски низи и која од нив се употребува и надвор од просторна определба?

24. Која збирномножинска наставка е најфреквентна?

25. Членувајте ги дадените именки:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| песок | | живот | | дабје | |
| памет | | болест | | учење | |
| виски | | пепел | | нозе | |
| табу | | интервју | | ридишта | |
| младост | | човек | | луѓе | |
| вар | | резиме | | патишта | |
| кал | | бебе | | студенти | |
| прав | | дерби | | макро | |

26. Изделете ги именките што се определуваат со членската низа -та, -ва, -на без да ги членувате: *лисје, мажи, маче, села, старост, татко, патишта, мајки, луѓе*.

27. Според членската наставка додадена на следниве именки определете каде (просторно) се наоѓаат тие: *кучено, книгава, детето, девојчево, куќата, столон*.

28. Дали се членуваат сопствените именки и зошто е тоа така?

29. Кои членски наставки ги примаат именките од машки род, а кои именките од женски и од среден род?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

30. Образувајте вокативни форми од дадените именки:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| кралица | | Ратка | | жена | |
| мајстор | | сват | | зет | |
| земја | | професор | | крал | |
| поп | | претседател | | живот | |
| Господ | | баба | | сестра | |
| ѕвер | | девојка | | маж | |
| Македонија | | госпоѓица | | директор | |
| лисица | | мајстор | | Елена | |

31. Која е функцијата на вокативната форма?

______________________________________________

______________________________________________

32. Што е тоа обраќање?

______________________________________________

______________________________________________

33. Кои наставки се карактеристични за машки, а кои за женски род за образување вокатив?

______________________________________________

______________________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Придавки (адјективи)

1. Како ги делиме придавките во македонскиот јазик?

2. Како ги нарекуваме придавките од туѓо потекло? Што е карактеристично за овие придавки и како може да се поделат тие придавки?

3. Наведете пет материјални придавки:

4. Наведете пет односни придавки:

5. Наведете пет бројни придавки

6. Наведете пет заменски придавки:

## Граматички категории на придавките

7. Наведете ги граматичките категории на придавките:

8. Наведете пет примери на членувани заменски придавки:

9. Колку степени на компарација се разликуваат?

10. Кои од наведените придавки може да се степенуваат: *бел, вкусен, дрвен, фер, македонски, срећен, паметен, железен, детски, мој, втор, зелен, убав, искрен*.

11. Како се степенува, а кои придавки не се степенуваат и зошто?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

12. Наведете пет примери на степенувани придавки со префиксите пре- и при-:

______________________________________________

______________________________________________

13. Наведете прилог што може да се степенува и степенувајте го:

______________________________________________

______________________________________________

14. Наведете пет примери на придавки од туѓо потекло (што ги наведовте во вежба бр. 2) во комбинација со именка (во именска група) и покажете што е карактеристично за нив.

______________________________________________

______________________________________________

15. Изведете ги формите од преостанатите два рода:

| | | |
|---|---|---|
| близок | | |
| очаен | | |
| гласен | | |
| редок | | |
| таен | | |
| ликовен | | |
| жежок | | |
| бескраен | | |

16. Кои се граматичките карактеристики на бројните, а кои на заменските придавки и како се поделени овие групи придавки?

______________________________________________

______________________________________________

17. Образувајте придавки од дадените зборови: *судија, вреди, денес, жаба, роди, дома.*

______________________________________________

______________________________________________

18. Образувајте сложени придавки од следниве парови: *црна* и *коса, боса* и *нога, две* и *години, полу* и *месец.*

______________________________________________

______________________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

# Броеви

1. Колку видови бројност разликуваме?

___

2. Кои граматички категории ги разликуваат броевите?

___

3. По што се разликуваат броевите од именките и од придавките од аспект на граматичките категории?

___

4. Зборовите *нула, илјада, милион, милијарда* не се броеви туку именки. Зошто?

___

5. Кои броеви разликуваат форми за род? Наведете ги тие форми.

___

6. Следниве броеви напишете ги со зборови:

а) 20-годишнина___
б) 3. пат___
в) 1 Мај___
г) Палимпсест X___
д) 8 Ноември___

7. Следниве броеви напишете ги со зборови. Внимавајте на усогласувањето на формите:

а) 101 далматинец ___
б) 31 пенкало ___
в) 21 жена ___
г) 1001 ноќ ___
д) 1 дете ___

8. Напишете ги следниве броеви со зборови така што ќе означуваат лица од машки пол: 2, 4, 5, 6, 100.

___

9. Што означуваат броевите на *–мина*?

___

10. Кои се двата начини на кои се образуваат броеви што означуваат приближна бројност? Наведете два примери:

___

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

11. Наведените броеви напишете ги со зборови:

а) 201________________________________________________

б) 378________________________________________________

в) 2954_______________________________________________

г) 3 456 789

д) ¾ _________________________________________________

ѓ) 5,064______________________________________________

12. Образувајте членувани форми од наведените броеви: 5, 8, 10, 50, 300.

13. Направете усогласување со формите на именките дадени во заградите пишувајќи ги броевите со зборови:

а) Тој ќе донесе 5 (стол)

б) Јас купив 21 (весник)

в) Саше има 2 (брат) и 2 (сестра)

г) Ми требаат 31 (пенкало) за состанокот

д) Уште 7 (ден) па ќе одиме на одмор

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Заменки

1. Како ги делиме заменките во македонскиот јазик?

2. Кои граматички категории ги разликуваат личните заменки?

3. Зошто се нарекуваат лични заменки?

4. Наведете го општото значење на формите за прво, второ и за трето лице еднина и множина:

5. Наведете ги долгите и кусите личнозаменски форми за директен предмет:

6. Наведете ги долгите и кусите личнозаменски форми за индиректен предмет:

7. Што означува личноповратната заменка, особено кратката за директен предмет?

8. Што се случува со предметот кога доаѓа до употреба на долга и на куса личнозаменска форма?

9. Кои се лично-предметни заменки?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

10. Изделете ги само лично-предметните заменки: *тоа, себеси, чија, јас, којшто, никој, оние, вие, ничиј, ти, секој, кому, сешто, која, што, таа, некој, секого, она*.

11. Кои се именски, а кои се придавски лично-предметни заменки?

12. Наведете примери во кои ќе ги опфатите *кој1* и *кој2* заменките:

13. Кои граматички категории ги разликуваат *кој1* и *што*, а кои *кој2* и *чиј*?

14. Лично-предметните заменки се делат во одделни групи според значењето и функцијата. Наведете примери:

прашални_______________________________________________________________________

односни_______________________________________________________________________

одречни_______________________________________________________________________

општи_________________________________________________________________________

неопределени__________________________________________________________________

15. Кои се показни заменки? Објаснете ја нивната служба:

16. Кој е критериумот на поделбата на показните заменки?

17. Кои граматички категории ги разликуваат показните заменки и според тоа, дали се поблиску до именските или до придавските заменки?

18. Дали постои врска меѓу членските наставки со показните заменки? Објаснете.

19. За која показна заменка не е својствено само просторното определување?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Глаголи

1. Што е карактеристично за глаголите во македонскиот јазик во поглед на разликувањето форми?

2. Кои граматички категории ги разликуваат глаголите?

## Граматички категории на глаголите

3. Наведете примери за преодни и за непреодни глаголи:

4. Објаснете ја границата меѓу преодните и непреодните глаголи:

5. Која глаголска граматичка категорија е во тесна врска со категоријата преодност?

6. Повратните глаголи најчесто се изведени од:

7. Наведете два примери за повратни глаголи со ист вршител и трпител, и два примери за повратни глаголи кај кои дејството останува во кругот на вршителот:

8. Како ги делиме глаголските форми во зависност од тоа дали ја разликуваат категоријата лице?

9. По што се разликуваат личните глаголски форми од неличните, а по што овие две од безличните?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

10. Што подразбираме под немотивирано трето лице?

11. Колку лица разликуваме кај глаголите?

12. На кои начини се определува лицето кај глаголот?

13. Што означуваат:

1 л. едн. и мн.

2 л. едн. и мн.

3 л. едн. и мн.

14. Кај кои нелични глаголски форми се јавува категоријата род:

15. Според видот, глаголите ги делиме на:

16. Што е разликата меѓу несвршениот и свршениот вид?

17. Какви дејства означуваат несвршените глаголи?

18. Образувајте несвршени глаголи од свршените: *стави, нарача, отиде, падне, појде, донесе, погледне.*

19. Какви дејства означуваат свршените глаголи?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

20. Образувајте свршени глаголи од несвршените: *носи, пишува, лета, чита, мисли, купува, работи.*

21. Кои се двовидски глаголи, што е карактеристично за нив и како се адаптираат во македонскиот јазик?

22. Наведете пет двовидски глаголи:

23. Како ја дефинираме категоријата време кај глаголите?

24. Наведете ги глаголските времиња во македонскиот јазик:

25. Кој временски момент најчесто се зема за ориентација при временското определување на глаголските форми и за која временска форма е поинаку?

26. Како ја дефинираме категоријата начин кај глаголите?

27. Колку членови содржи категоријата начин и кои се тие?

28. Што се подразбира под заповеден, а што под можен начин?

29. Како ја дефинираме категоријата залог кај глаголите?

30. Кои се членови на категоријата залог и како се определуваат тие?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Прости глаголски форми

## Сегашно време (презент)

31. Изменете ги глаголите: *пишува, брои, пее* во сегашно време и според лице и број:

32. Објаснете ги општиот дел, основниот вокал и наставката кај глаголот:

33. Кај кои глаголски групи се менува основниот вокал во првото лице?

34. Која форма за сегашно време не содржи наставка, а која не содржи основен вокал?

35. Кој основен вокал се среќава кај сите глаголски групи?

36. Кое е основното, а кои се секундарните значења на формите за сегашно време?

37. Во песната „Везилка" од Блаже Конески подвлечете ги формите за сегашно време:

*Везилке, кажи како да се роди*
*проста и строга македонска песна*
*од ова срце што со себе води*
*разговор ноќен во тревога бесна.*

*- Два конца парај од срцето, драги,*
*едниот црн е, а другиот црвен,*
*едниот буди морничави таги,*
*другиот копнеж и светол и стрвен.*

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

*Па со нив вези еднолична низа,*
*песна од копнеж и песна од мака,*
*ко јас што везам на ленена риза*
*ракав за бела невестинска рака.*

*Судбинско нешто се плело за века*
*од двете нишки, два созвучни збора,*
*едната буди темница што штрека,*
*другата буди вкрвавена зора.*

*Везилке, крени наведена лика,*
*погледај в небо во претпладне златно:*
*се шари таму и чудесна блика*
*твојата везба на синото платно.*

*За тебе нема ни вечерен запад,*
*ти - морно око на трепетна срна.*
*Две бои таму ти горат и капат,*
*две шарки твои - црвена и црна.*

*Зар не се плашиш од јаркоста нивна,*
*и најмил спомен дека ќе ти згасат?*
*Зошто се губиш, ти строга, ти дивна,*
*дните ти минат, прокоби се гласат.*

*- И најмил спомен што в душа ми блеска*
*се гаси од нив ко цвеќе без боја.*
*Но ти што ловиш звук на чудна песна,*
*ти си ја кажа судбината своја.*

Prezemeno od marija1.grkova (15 Feb 2021 - 12:04)

## Заповеден начин (императив)

38. Во кое лице се изразуваат формите на заповедниот начин при директна заповед?

39. Зошто разликуваме само форми за второ лице кај заповедниот начин?

40. Образувајте заповедни форми од следниве глаголи: *освои, снима, стои, внимава, крои, фрла, слуша, спие, оди, игра, мие.*

41. На кој начин се изразува индиректна заповед?

42. На кој начин се образуваат одречни заповедни форми?

## Минато определено свршено време (аорист)

43. Изменете ги глаголите: *прочита, издржи, износи, потрча, падне, облече, запре, испи* во минато определено свршено време и според лице и број:

44. Кое е основното значење на минато определено свршено време?

45. Од какви глаголи се образува минато определено свршено време?

46. Од овие глаголи образувајте форми за минато определено свршено време за 1 л. едн.: *падне, рече, испи, износи, прочита, прошета.*

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Минато определено несвршено време (имперфект)

47. Изменете ги глаголите: *трча, мисли, пие, зборува, оди, пее, чита, јаде* во минато определено несвршено време и според лице и број:

48. Од какви глаголи се образува минато определено несвршено време?

49. Кое е основното значење, а кои се секундарните на минато определено несвршено време?

50. Илустрирајте ги секундарните значења преку примери:

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Нелични глаголски форми

### Глаголска л-форма

51. Кои граматички категории ги разликуваме кај глаголската л-форма?

______________________________________________

______________________________________________

52. Како се добиени несвршените л-форми, а како свршените?

______________________________________________

______________________________________________

53. Наведете по три примери на глаголски л-форми за секоја од наведените групи:

а-група______________________________________
е-група______________________________________
и-група______________________________________

54. Менувајте ги по род и по број глаголските л-форми на следниве глаголи: *падне, гледа, мисли, дојде, пече, тече*.

______________________________________________

______________________________________________

### Глаголска придавка

55. Кои наставки се користат за образување на глаголска придавка?

______________________________________________

______________________________________________

56. Образувајте глаголски придавки од наведените глаголи: *бере, дере, пере* менувајќи ги и по род и по број.

______________________________________________

______________________________________________

57. Оформете реченица во која глаголската придавка е поименчена.

______________________________________________

______________________________________________

58. Наведете по три примери на глаголски придавки за секоја од наведените групи и оформете три реченици што ќе содржат глаголска придавка (од секоја група одделно):

а-група______________________________________
е-група______________________________________
и-група______________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

59. Во составот на кои конструкции влегува глаголската придавка?

## Глаголски прилог

60. Која наставка се користи за образување глаголски прилог?

61. Образувајте глаголски прилог од наведените глаголи: *чита, влече, оди, мисли, стои, пее, брои, гледа, вее, тропа, фрла, трчна, станува, спие, дише даде:*

62. Какво дејство означува глаголскиот прилог во реченицата?

63. Наведените реченици содржат глаголски прилог. Искажете ги на начин без да го содржат.

*а) Трчајќи по патеката, размислуваше за своите идни планови.*

*б) Мислејќи на неа, заборави да отиде на конференцијата.*

*в) Погледна во детето, не можејќи да се сопре – заплака.*

## Глаголска именка

64. Која наставка се користи за образување глаголска именка?

65. Кои граматички категории се разликуваат кај глаголската именка?

66. Образувајте глаголска именка од наведените глаголи: *зборува, менува, мие, коси, стои, пишува, мисли, прашува, реши, дише, бере, привлекува, фрла, пее:*

67. Наведените реченици содржат глаголска именка. Искажете ги на начин без да ја содржат.

*а) Повелете на појадување.*

*б) Јавете се на заминување.*

*в) Си отиде со трчање.*

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Сложени глаголски форми

68. Како се образуваат сложените глаголски форми?

69. Наведете ги сложените глаголски форми:

70. Пополнете ја табелата со различните форми на помошниот глагол **сум**:

| | сегашно време | заповеден начин | минато несвршено време | глаголски прилог | глаголска л-форма |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 л. едн. и мн. | | | | | |
| 2 л. едн. и мн. | | | | | |
| 3 л. едн. и мн. | | | | | |

## Минато неопределено време (перфект)

71. Изменете ги глаголите: *истрча, изоди, испее, падне, покажа, измисли* во минато неопределено свршено време и според лице и број:

72. Изменете ги глаголите: *трча, оди, пие, пече, тече, фрла* во минато неопределено несвршено време и според лице и број:

73. Кои секундарни значења му се припишуваат на перфектот?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

74. Која е примарната значенска карактеристика на перфектот?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

75. Што мислите? Кога најчесто се користи перфектот? За засведоченост или за прекажаност?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

76. Во кое лице не се употребува помошниот глагол?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

77. Оформете три реченици во кои ќе ги употребите глаголите: *зеде, не чуе, дојде* изменети во перфект и во 3 л. едн.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

78. Во наведените реченици променете го глаголот во заградата во перфект:

а) Таа ____________ (донесе) торта за роденденот.
б) Ти ____________ (јаде) од тортата, а никому не _______________ (понуди).
в) Јас и Синиша ________________ (сум) во Солун на одмор.
г) Исадора и Кристијан ________________ (влезе) во игротеката и ______________ (игра) на музиката.
д) Јас ______________ (зеде) од нејзината облека.

**Предминато време (плусквамперфект)**

79. Како се образува плусквамперфектот?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

80. Кое е примарното значење на плусквамперфектот?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

81. Изменете ги глаголите: *истрча, мисли, испее, сфати, доведе, пристигне* во предминато време и според лице и број:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

82. Со ова време се означува дејство:

______________________________________________

______________________________________________

83. Оформете три реченици во кои ќе ги употребите глаголите: *прошета, готви, однесе* изменети во предминато време:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

84. Во наведените реченици променете го глаголот во заградата во предминато време[1]:

а) Елена ___________ (однесе) децата во градинка.
б) Ти ___________ (отиде) во Турција без да кажеш.
в) Јас _______________ (слуша) предавања на таа тема.
г) Даница и Велик _______________ (очекува) многу од своите деца.
д) Тој _____________ (пречека) својот брат на железничката станица.
ѓ) Мери _____________(мисли) што да облече пред да излезе.

**Идно време (футур)**

85. Кои се формалните карактеристики на футурот?

______________________________________________

______________________________________________

86. Кое е примарното значење на футурот?

______________________________________________

______________________________________________

87. Кои се секундарни значења на футурот?

______________________________________________

______________________________________________

88. Изменете ги глаголите: *посака, мисли, пие, каже, пие, плати* во идно време и според лице и број:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

[1] Внесете кратка заменска форма онаму каде што е потребна.

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

89. На кој начин се образуваат одречните форми за идно време?

90. Следниве глаголи напишете ги во идно време на двата начини за образување на одречна форма (негација): *патува, нацрта, пие:*

91. Оформете три реченици во кои ќе ги употребите глаголите: *прошета, готви, однесе* изменети во идно време:

**Минато-идно време**

92. Која честичка влегува во состав на формите за минато-идно време? Наведете една реченица за да го прикажете тоа.

93. Кој момент служи за ориентација при определувањето на примарното значење на минато-идно време?

94. Која е значенската разлика меѓу минато-идно и идно време?

95. Изменете ги глаголите: *посака, брои, испече, сфати, спомне, чувствува* во минато-идно време и според лице и број:

96. Оформете три реченици во кои ќе ги употребите глаголите: *сака, учи, дојде* изменети во минато-идно време:

97. На кој начин се образуваат одречните форми за минато-идно време?

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Идно прекажано време

98. Кое е примарното значење на идно прекажано време?

______________________________

______________________________

99. Изменете ги глаголите: *трча, измисли, однесе, стане, забележи, тие* во идно прекажано време и според лице и број:

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

100. На кој начин се образуваат формите за идно прекажано време?

______________________________

______________________________

101. На кој начин се образуваат одречните форми за идно прекажано време?

______________________________

______________________________

102. Прекажете ги формите на идното време во наведените реченици:

а) Синиша ќе оди со мене.

______________________________

б) Тие нема да купуваат кола.

______________________________

в) Мајка ми и татко ми нема да патуваат.

______________________________

г) Ќе одиме утре во Пловдив.

______________________________

д) Ќе пазарува од КАМ маркет.

______________________________

## Можен начин (потенцијал)

103. Како се образува можниот начин?

______________________________

______________________________

104. Што е карактеристично за можниот начин од аспект на значењето?

______________________________

______________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

105. Изменете ги глаголите *трча, измисли, оди, пристигне, стане, чита* во можен начин и според лице и број:

106. Оформете три реченици во кои ќе ги употребите глаголите: *има, најде, каже* изменети во можен начин:

## Глаголска конструкција *има/нема*

107. Како се образуваат има-конструкциите?

108. Како се препознава времето кај има-конструкциите?

109. Претставете ги глаголските форми со има-конструкции во наведените реченици:

а) Ја откажале ли конференцијата?

б) Ти ли си ја купила книгата?

в) Сте ја подготвиле ли свадбата?

г) Си го прашал ли професорот?

д) Си купил ли леб?

## Глаголска конструкција *сум*

110. Како се образуваат сум-конструкциите?

Prezemeno od marija1.grkova (15 Feb 2021 - 12:04)

111. Што е разликата меѓу сум- и има-конструкциите?

112. Оформете реченици во кои ќе ги употребите глаголите *дојде, измие, наспие, прочуе, замине, стане* во сум-конструкција, употребувајќи ги различните форми на *сум*.

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Прилози (адверби)

1. Наведете ја општата дефиниција за прилозите во македонскиот јазик:

_______________________________________________

_______________________________________________

2. За какви зборови ги сметаме прилозите од аспект на менливоста? Дали, сепак, има исклучоци и кои би биле тие?

_______________________________________________

_______________________________________________

3. Од која зборовна група најчесто се изведуваат прилозите? Од кои сѐ зборовни групи се изведуваат?

_______________________________________________

_______________________________________________

4. Како ги делиме прилозите според значењето?

_______________________________________________

_______________________________________________

5. Наведете четири реченици во кои ќе употребите прилози од четирите групи (според значењето):

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

6. Изделете ги прилозите за место: *вчера, дома, денес, малку, безуспешно, онаму, надвор, после, многу, горе, задутре, набрзина, десно, тешко, добро, долу:*

_______________________________________________

_______________________________________________

7. Кои прилози разликуваат степен?

_______________________________________________

_______________________________________________

8. Според менливоста, во која група влегуваат прилозите?

_______________________________________________

_______________________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Предлози (препозиции)

1. За какви зборови ги сметаме предлозите од аспект на менливоста?

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

2. Како може да се поделат предлозите според потеклото и според составот?

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

3. Во дадените реченици внесете го соодветниот предлог од понудениве: *врз, до, за, кај, на, над, низ, од, околу, по, под, пред, при, со, кон, крај, меѓу, место, спроти, сред, без, в, во.*

а) Застана __________ нив.
б) __________ Елена ќе одам __________ Охрид.
в) Влеговме __________ град.
г) __________ овој повод би сакала да им се заблагодарам на присутните што донираа.
д) Тони не може __________ неа.
ѓ) __________ банката се наоѓа аптеката.
е) __________ нашиот стан живее една баба.
ж) Капата стави ја __________ главата.
з) Ќе одиме на курс __________ македонски јазик.
ѕ) __________ мене во редот стои најубавата девојка што сум ја видел.
и) Се упатив __________ неа.
ј) __________ наша контрола се децата. Не грижете се!
к) Блузава ја купив __________ бутик „Ин“.
л) __________ градот минува реката Вардар.
љ) Ќе одиме на гости __________ Стојанови.
м) На __________ село, чешма шарена, течеше вода студена.
н) __________виното е вистината.
њ) __________ сè што направи за вас, пак не ја сакате.
о) Поканата ја примил брат му __________ него.
п) Секогаш __________ нив имало доверба и почит.
р) Насадивме багреми __________ новиот канал.
с) И лете __________ кошулата носеше елек.

4. Во дадените реченици внесете го соодветниот предлог од понудениве: *откај, накај, заради, поради, помеѓу, покрај, наместо, наспроти, одовде.*

а) __________ нив секогаш мириса на готвено јадење.
б) __________ Елена ќе одам во Охрид.
в) __________ баба ми живее вујко ми.
г) И __________ сè, таа не му простува.
д) Тони се упати __________ неа.
ѓ) __________ тебе го изгубивме натпреварот.
е) Се наоѓа __________ периферијата и центарот.
ж) Стои __________ ѕидот и ги брои минутите.
з) __________мајсторот дошол калфата.
ѕ) __________до таму има десет минути одење.

Prezemeno od marija1.grkova (15 Feb 2021 - 12:04)

## Сврзници (конјункции)

1. Како може да се поделат сврзниците според потеклото, составот и рангот?

___

___

2. Што е разликата меѓу координациските и субординациските сврзници?

___

___

3. Образувајте две реченици. Во првата употребете координациски, а во втората субординациски сврзник:

___

___

4. Што е разликата меѓу сврзниците и сврзувачките зборови?

___

___

5. Како сврзувачки зборови во македонскиот јазик се јавуваат:

___

___

6. Во дадените реченици внесете ги соодветните координациски сврзници: *и, а, но, ама, туку, меѓутоа, или, или – или, ни – ни, и – и, час – час, ниту – ниту.*

а) Млади ___________ убави девојки.
б) ___________ пари ___________живот.
в) Под селото растат големи столетни дабови, ___________ над селото се протега голема букова гора.
г) ___________ вака ___________ така не зборува.
в) Полека, ___________ сигурно.
г) ___________ Мара за рака ___________ овците на број.
д) Сè земи, ___________ не оставај ме.
ѓ) Смрт ___________ победа.
е) Тој сакаше да се тепа, ___________ тие не му дозволија.
ж) ___________ јаде ___________ пие од болка.
з) ___________ плаче ___________ се смее. Никој не го разбира.

7. Во дадените реченици внесете ги соодветните субординациски сврзници: *дека, што, кога, штом, штотуку, откако, пред да, дури, додека, зашто, бидејќи, затоа што, така што, ако, да, иако, макар што, за да, како да.*

а) Дојдов ___________ ме поканија.
б) ___________ дојдеш, ќе се видиме.
в) Се изнервирав, ___________ почнав да се потам.
г) ___________ знаев, ќе ти кажев.
д) Не бев на училиште ___________ морав да одам на систематски преглед.
ѓ) ___________дојдам дома, бев на пазар.
е) ___________ вети, не дојде.
ж) Зборуваше ___________ е преплашен.

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

з) Тие сфаќаат ___________ работата не оди.
ѕ) Тие нè победија ___________ нам ни недостасуваа најдобрите шутери.
и) Ние сме екипа ___________ игра еднаш неделно.
ј) Дојде ___________ ме види.
к) ___________ бевме малку, голема работа завршивме.
л) ___________ почна да раскажува, го прекинаа.
љ) ___________ ме држеа нозеве, секој ден пешачев.
м) ___________ се изнајаде, легна да се одмори.
н) ___________ можам ќе работам.
њ) ___________ те видам, мир јас немам.
о) ___________ дојде таа, тој веќе беше заминат.

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Честички (партикули)

1. За какви зборови ги сметаме честичките од аспект на менливоста?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

2. Во кои граматички категории или конструкции влегуваат т.н. граматички (формообразувачки) честички?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

3. Направете реченици и прашања што ќе ги содржат честичките: *да, не, ни, ниту, дали, ли, зар, нели, да, нека:*

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

4. Какви видови честички се среќаваат во наведените реченици:

а) Само мене ми ја кажа вистината.
б) Купив толку колку што ми требаше.
в) И мене ме поздравија.
г) Еве го човекот што го бараш.
д) Речиси да не сме се виделе.

5. Направете реченици во кои ќе употребите честички за изразување:

идно време:____________________________________________________
можен начин:___________________________________________________
спротивност:___________________________________________________
посочување:____________________________________________________
засилување:____________________________________________________
изделување:____________________________________________________
прашање:_______________________________________________________

6. Направете реченици што ќе ги содржат формообразувачките честички: *ќе, би, да, нека, по-, нај-, кој-годе, кој-било:*

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

## Извици (интерјекции)

1. Кои функции се карактеристични за извиците?

______________________________________________

______________________________________________

2. Што се крикови?

______________________________________________

______________________________________________

3. Што е карактеристично за извиците од синтаксички аспект?

______________________________________________

______________________________________________

4. Направете реченица во која ќе употребите извик за довикување:

______________________________________________

______________________________________________

5. Со какво значење се употребени извиците во наведените реченици:

а) Еј, господине, ви падна паричникот! ______________________

б) Оф, ужасно ме боли главата! ______________________

в) Леле, го истурив виното! ______________________

г) Аха, ти си ја украл книгата! ______________________

д) Бре, што човек ќе да беше! ______________________

6. Во следниве реченици заменете ги ономатопеите со глаголска форма:

а) Пљас! Во водата му падна паричникот.

б) Крц, крц! Се слушаше од другата страна на ѕидот.

в) Трас, со вратата и излезе без да каже збогум.

г) Кврц, на вратчето и ќе седи мирен.

д) Пссст! Се слушна од другата соба.

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

**Модални зборови**

1. Која е службата на модалните зборови?

______________________________________________

______________________________________________

2. Што е разликата меѓу модалните зборови и модалните изрази?

______________________________________________

______________________________________________

3. Од аспект на правописот, што е карактеристично за модалните зборови во реченица?

______________________________________________

______________________________________________

4. Напишете две реченици во кои ќе употребите модален збор или модален израз, ќе го подвлечете, а потоа ќе го објасните ставот на говорителот кон кажаното.

______________________________________________

______________________________________________

5. Во дадените реченици внесете ги соодветните модални зборови: *веројатно, сигурно, бездруго, навистина, можеби, секако, за жал, значи, за големо чудо, на крајот на краиштата, без сомнение, за среќа:*

а) Јас, ______________, ќе одам во Турција;
б) Ти, ______________, ли ќе дојдеш на роденденот?
в) ______________, тоа е убаво смислена работа.
г) ______________, не знам што да ти кажам.
д) ______________, беше заинтересиран за мене, не сум сигурна.
ѓ) ______________, дека ќе ти се јавам.
е) Тој, ______________, нема да присуствува на конференцијата.
ж) ______________, не треба секому да му се верува.
з) Се појави на свадбата, ______________.
ѕ) ______________, не е важно што мислат другите.
и) ______________, се покажа како доверлив човек.
ј) Таа, ______________, реши да ја каже нејзината страна од приказната.

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

**Користена литература**

Бојковска, С., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. (2008). *Општа граматика на македонскиот јазик*. Скопје: Просветно дело.

Гочкова-Стојановска, Т. (2008). *Практикум по морфологија на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Конески, Бл. (2004). *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Скопје: Просветно дело.

Саздов, С. (2008). *Современ македонски јазик 2*. Скопје: Табернакул.

Prezemeno od marija1.grkova (15 Feb 2021 - 12:04)

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



Д-р Марија Гркова е родена во Штип во 1987 година. Основното и средното училиште ги заврши во Штип со одличен успех. Во 2010 година се стекна со титулата допломиран професор по одделенска настава. Истата година ги продолжи своите студии на втор циклус, магистерски студии за македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2014 година се стекна со титулата магистер по филолошки науки од областа Македонски јазик. Четири години подоцна Гркова го заврши и третиот циклус студии при Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“и се стекна со титулата доктор по хуманистички науки - Македонистика – Научноистражувачки студии на македонскиот јазик. Д-р Марија Гркова за првпат се вработи во ноември 2019 година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што има волонтирано од 2010 година. Авторката има богато искуство и со работа со странски студенти што го учат македонскиот јазик пред запишување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Prezemeno od marija1.grkova <15 Feb 2021 - 12:04>

ISBN 978-608-244-755-1